СОУ „МИТКО ПЕНЦУКЛИСКИ“ - КРАТОВО



# МОНОГРАФИЈА

1960 - 2020

**Уредување и изработка:**

Ѓеорги Цветков - директор

Младен Мицевски – наставник по стручни предмети од угостителско-туристичка струка

**Рецензенти:**

Катерина Ковачевска - педагог

Вида Јовановска - наставник по македонски јазик и литература

Ана Димитровска - наставник по македонски јазик и литература

Анита Марковска Јанева - наставник по спорт и спортски активности

**Дизајн:**

Младен Мицевски - наставник по стручни предмети од угостителско-туристичка струка

**Фотографии:**

Оливер Арсовски - наставник по филозофија

Младен Мицевски - наставник по стручни предмети од угостителско-туристичка струка

Адријана Анастасова - ученичка

Александар Георгиевски - ученик

Моника Доневска - ученичка

Новица Стојановски - ученик

Ива Нанева - ученичка

Кристина Јованова - ученичка

Роберт Арсовски - ученик

**Печати:**

Никси Фешн, Пробиштип

**Кратово, февруари 2020**







## СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| Кратово – културен крстопат | 3 |
| СОУ „Митко Пенџуклиски“ – 60 години постоење | 5 |
| СОУ „Митко Пенџуклиски“ - развој во последните 10 години | 6 |
| Митко Пенџуклиски – животен пат | 7 |
| Неговата визија за слобода – наша реалност | 8 |
| Обраќање на првиот директор на училиштето | 9 |
| Органи во училиштето | 10 |
| Директор на СОУ „Митко Пенџуклиски“ – Кратово | 12 |
| Директори на СОУ „Митко Пенџуклиски“ – Кратово | 15 |
| Стручна и техничка служба на СОУ „Митко Пенџуклиски“ – Кратово | 16 |
| Стручни активи и наставници во СОУ „Митко Пенџуклиски“ – Кратово | 17 |
| Стручен актив по македонски јазик и литература и странски јазици | 19 |
| Стручен актив по општествени науки | 21 |
| Стручен актив за развој на вештини од областа на спортот, ликовната и музичката уметност | 23 |
| Природно-математички актив | 26 |
| Стручен актив по стручни предмети | 27 |
| Дипломи, благодарници и признанија | 29 |
| Ученички екскурзии | 35 |
| Други позначајни воннаставни активности и проекти | 36 |
| Ученички дом „Митко Пенџуклиски“ - Кратово | 45 |

# КРАТОВО - КУЛТУРЕН КРСТОПАТ

Кратово е мало гратче кое е сместено во пазувите на Осоговските планини со богата историја. Неговата положба, сите природни реткости и убавини, антропогеното наследство придонесуваат да ова гратче биде примамливо за сечие око. Музејот под отворено небо ги прави луѓето да се вратат векови station наназад и да го почувствуваат вистинскиот дух на средновековието. Природата од сите страни го обдарила, а времето како да има застанато и да не сака да продолжи.

Градот лежи во стрмна долина всечена во карпест терен, а опкружен непосредно со планини од вулканско-еруптивно потекло на Осоговскиот масив: Лисец (1526м), Буковец (1424м), Плавица (1298м) и Црн Врв (1115м). На запад градот е отворен кон сливот на Крива Река. Доколку се земе положбата на градот Кратово може да се види неговата амфитеатрална поставеност помеѓу претходноспоменатите врвови.

Општината е дел од Североисточниот плански регион на Република С. Македонија и се граничи на исток со општина Кочани, на југ со општина Пробиштип, на југозапад со општина Свети Николе, на запад со општина Куманово, на северозапад со општина Старо Нагоричане, на север со општина Ранковце и на североисток со општина Крива Паланка.

Историјата на Кратово и населбите во општината покажуваат континуитет на опстојување, но и поминување на повеќе цивилизации и култури, одржување на многу војни, појава на економски подеми и падови итн. Најголем дел од историјата на Кратово е поврзана со рударството што се докажува со повеќе од 40 рудни окна и складишта за преработена руда – згура.

Најраните податоци со кои се среќаваме за кратовско се оние од предримскиот период. Имено, Пајонија се простирала токму и во делот на Североисточна Македонија при што Кратово било населено од Пајонците, а истите за првпат се споменуваат во епот на Хомер „Илијада". Подоцнежни докази за постоењето на Пајонците се други пишувања, но конкретно за Кратово се пронајдени пајонски монети. Овие монети се изработени во времето на владеењето на пајонскиот крал Авдолеон којшто владеел во IV век пред н.е. (315/286/5г).

Кратовско се поврзува со градот Транупара, станицата на некогашниот антички и римски пат Стобис (Стоби) – Астибо (Штип) – Пауталија (Ќустендил) – Сердика (Софија) кон реката Дунав. Имено овие податоци можат да се најдат во Tabula Peutingeriana (Табула Појтингеријана – мапа изработена за потребите на Римската држава). Понатаму, низ историјата на градот многу култури имаат оставено свој белег. По Римското Царство, Кратово станува дел од Византиската Империја со свој највисок подем во периодот на големите феудалци Јован Оливер (1336 – 1355) – очув на цар Душан и кнезот Констанитн Дејановец (1353 – 1394). Во тој период се почнало со градењето на кулите од одбрамбени причини. Повторно, рударството било во центарот на вниманието, како и монетоковарството.



















По ова настапува Османлискиот период. За значењето на Кратово во продлжение цитираме само еден стих од Пир Мухамед познат по прекарот Зафири кој во својата поема „О Кратово“ (XVI век) им се обраќа на Турците:

*„Зошто одите да се поклонувате и молите на Господа во Мека, наместо тоа поклонение да го правите во Кратово и таму да се молите, затоа што вие живеете од кратовското злато“*

Во Кратово се забележува и еврејската и католичката култура (претставена преку населбите на Сасите, Шлезите и Дубровчаните).

Во Кратово денес значајни природни и културни белези, како неми сведоци на бурното минато, се вбројуваат:

- локалитетите „Цоцев Камен“, „Камени кукли“, „Вулканските бомби“, прекрасните пејзажи за пешачење, „Старите борови“, геоморфолошките поствулкански форми, водопади;
- Камените кули и мостови, Ајдучката чаршија, подземните ходници, црквите „Св. Јован Крстител“ и „Св. Никола Чудотворец“, локалитетот „Големо Градиште“, турскиот Горен амам, староградската архитектура, маалските чешми, Шишперов ан (турски затвор) итн.

Значајни манифестации во градот се: Мал Божиќен концерт „Химни на Рождеството Христово“, „Водици“ – Голем Богојавленски водосвет, Св. Ѓорѓи Кратовски – Патронен празник на градот, 25ти април – Прво ослободување на Кратово, 10ти јуни – Ден на културата во Република Македонија – Меѓународен фолклорен фестивал „Разиграно Кратово“, Детска ликовна колонија „Лазар Софијанов“, „6ти Септември“ – ослободување на градот, „Кратовска Компиријада“ Меѓународен Фестивал на Етнолошки Документирани Филмови, Лесновски ѕвона, Шопска Свадба, Вечерен танц на куклите, Туринир во мал фудбал „Св. Ѓорѓи Кратовски“ (спортски манифестации) и неколку години Златните денови.

# СОУ „Митко Пенџуклиски“ - 60 години постоење

## Визија на училиштето



Ќе бидеме училиште во кое се изведува современа интерактивна настава со современи нагледни средства, а училиштето ќе овозможи адаптирање и прифаќање на различностите и способностите на сите ученици и вработени се со цел да се одговорни граѓани на општеството.

## Мисија на училиштето

СОУ „Митко Пенџуклиски” е препознатливо по својата опременост, екипираност, работа со сите ученици и постигање на повисоки резултати. Училиштето е место во кое се запознаваме со културата, обичаите и традицијата на другите. Учениците и вработените заемно се почитуваат, ги прифаќаат различностите а училиштето нуди еднакви можности за сите.

СОУ „Митко Пенџуклиски“ започнува со работа во учебната 1960/61 со одлука на тогашниот Народен одбор на општина Кратово како Средно економско училиште „Митко Пенџуклиски“.

Училишната зграда во која денес се изведуваа воспитно-образовната работа е изградена и предадена во употреба во учебната 1963/64 година.

Нашето училиште располага со 24 кабинети кои се опремени со компјутерска опрема, две лаборатории, библиотека со читална; спортските активности се одвиваат во две фискултурни сали од кои едната ја користиме заедно со основното училиште.

Училиштето располага и со асфалтирано игралиште за мал фудбал и кошарка, уреден школски двор со реновиран бекатонски приод, како и мал парк со зелена површина.

Во 60 годишниот развоен период училиштето има свои големи подеми и голем број на успешни приказни. Равојот е континуиран и училиштето има поминато низ многу различни развојни периоди. Училиштето и во наредниот период продолжува со развојот следејќи ги современите технолошки трендови и инвестирајќи во подобрување на воспитно-образовните услови.

**Мото на училиштето:**

*Оној кој престанал да учи останува да живее во свет кој веќе не постои*



# СОУ „Митко Пенџуклиски“ - развој во последните 10 години



Во последните 10 години училиштето продолжи со својот развој. Имено, беа презмени крупни чекори во насока на подобрување на инфраструктурната и воспитно-образовната компонента на училиштето.



Во учебната 2013/2014 година започна со функционирање на нова струка во училиштето. Станува збор за угостителско-туристичката струка во која се образуваат ученици со профил на занимање – угостителски техничар за рурален туризам.

Во периодот од 2012 до 2017 година под раководство на поранешниот директор Тони Јанев во инфраструктурниот дел беа спроведени повеќе развојни промени.



Од позначајните за напоменување се: компленото реновирање и модернизирање на малата спортска сала; се преуреди целосно ентериерот на училиштето со тоа што подовите во ходниците беа обновени со нови плочки, ѕидовите комплетно реновирани, модернизирани прозорците, а исто така заменети се влезните врати и вратите во подрумскиот простор; во училниците подот беше заменет со нов ламинат;



Дополнително, сите санитарни простории во училиштето се обновени; кровот заменет; надворешните спортски терени се асфалтирани и оградени со заштитна мрежа; реновирани се просториите за престој на наставниците; обновен мебелот во училниците со нови шкафови; комплетно сменета електричната инсталација на училиштето и поставен безбедносен систем со камери; обновен и збогатен библиотечниот фонд; набавени се голем број на нагледни средства и опрема потребна за реализација на воспитно-образовниот процес (музичко-техничка опрема и апарати, професионален фотоапарат како и народни носии).



# Митко Пенџуклиски - животен пат



Во темнината на едно време, по игра на судбината во семејството Пенџуклиски се роди нивната најсветла ѕвезда – Митко. Роден на 17 февруари 1915 година тој е помладиот син на вдовицата Риса, кој живеел со постариот брат Ампе и двете негови сестри.

Бил многу бистро дете и учел добро, основно училиште завршил во Кратово, а гимназија во Велика Градишка и Крагуевац. Бил прифатен во напредните кругови на гимназијата, добро свирел на гитара, и се определил да работи за оживотворување на комунистичките идеи. Митко бил човек кој цврсто стоел зад своите идеали, тој не ги погазувал своите верувања и го следел патот кој мислел дека е правилен. А тој пат го однел на студии по економија во Белград. Таму активно учествувал во студентските демонстрации, бранејќи ги сличните размислувања, и поради тоа му била укината државната стипендија.

Братската љубов пак, на која секогаш можел да се потпре, не го издала и тогаш. За да биде материјално обезбеден и да ги заврши започнатите студии, брат му Ампе оди во Белград да работи на шивачкиот занает. Од неговите средношколски денови, до неговите студентски години, тој претрпел големи промени – пред сè во големината на неговата личност.

Напредните кругови во кои се движел, луѓето со кои се среќавал и идеите кои ги разменувал со нив – придонеле Митко да израсне во борец за ново општество. Кога можел се враќал дома, во своето родно Кратово – и никогаш не доаѓал залудно. За својот народ, своите блиски, како и познаниците тој донесувал по нешто ново, пред сè од револуционерен аспект – песни, искуство за организирана работа, секогаш нешто што може да помогне.

По првото повторно враќање, започнал со работа во Куманово, а потоа и во Скопје, каде можел да се истакне со своите комунистички намери. Негова цел била да ги шири марксистичките идеи меѓу младината, тоа било негов идеал и се залагал за неговото остварување. На 22 април 1944 се вклучил во агитпроп на Главниот штаб. На 17 јули 1944 година, кога штабот се наоѓал во близина на Сурлица – Врањско, од непријателска авионска бомба загинал нашиот идол, херој и борец за слободата – Митко Пенџуклиски, кој не можел да го почувствува допирот на слободното сонце.

Но, тој сè уште постои, засекогаш ќе биде така, ќе живее Митко во срцата на сите жители на Кратово – на сите нас што сме свесни каква добрина стори тој голем човек кој никогаш нема да биде заборавен и ќе биде постојано споменуван.

# Неговата визија за слобода – наша реалност

***- Кристина Данилова***

Со безброј соништа исполнета, со копнежи и длабоки мисли,
таква беше душата на ценетиот наш Митко Пенџуклиски.
Тивка личност, а сепак срце кое од храброст ечи,
со зацртани цели, и ум кој нема да замолчи.

Ах, какви само надежи гаеше борецот млад,
за проколнатиов народ, западнат во јад.
Живеејќи во пекол, за несреќата бараше спас,
за судбината клета тој повиши глас.

Идеали возвишуваше во глувите ноќи,
за сјајот на слободното сонце, се бореше со сите моќи.
И кога сите се откажуваа, тој продолжи да верува,
знаеше Митко, татковината не се изневерува.

За да живее, тој загина
за да се споменува со години, без разлика колку и да поминат.
Во срцето бесмртен, по возраста млад,
херојско е чедо на нашиот град.

А денес по неговите крвави траги,
чекорат нашите слободни млади.
Реалност е сега неговиот копнеж,
она што го исполнуваше, во кое немаше сомнеж.

Останаа заборавени молитвите и безгласниот план,
сега свети слободата, а непријателот потона во мрак.
Иако го нема, за на тоа да се радува,
возбудените срца во ритам за него чукаат.

Се спротистави, немаше страв,
а споменот остана, не се претвори во прав.
Го имаме тоа што силно го посакуваше,
го сторивме тоа што од нас се очекуваше.

Таму кај што страдаше, ние сме среќни,
а неговите херојства ќе останат вечни.
Каде што запре тој, во маки и викотници што ечат,
продолживме ние, и го оставивме нашиот печат.

Но, не остана зад нас, во мислите го имаме ние,
сѐ уште постои, засекогаш ќе живее.
Во негова чест слободата ја љубиме,
за да не исчезне Митко, да не го изгубиме.



# Обраќање на првиот директор на училиштето



*проф. д-р Љубиша Монев*

Во оваа година се навршуваат 60 години од основањето на СОУ „Митко Пенџуклиски” во Кратово. Дваесет и втори август 1960 година претставува круцијален датум во историјата на Кратово, датум кога за прв пат во своето поблиско и подалечно минато е основано училиште за средно образование.

Горди сме што ја прославуваме 60 годишнината на Гимназијата „Митко Пенџуклиски“, а посебно се чувствувам среќен што јас бев првиот директор на истата и што имав среќа и задоволство сите заедно да го прославиме овој значаен јубилеј.

Во изминатите години на плодна дејност и постојан развиток, Гимназијата се афирмира како највисока наставна, воспитна и научна установа во овој крај. Кога денес се прави ретроспектива на иминатиот шест децениски развој, евидентен и неодминлив секако е фактот што за градот и за поширокото подрачје, ова придобивка има утилитарен карактер од повеќе аспекти.

Отворањето на средно училиште во Кратово учениците да се стекнат со повисок степен на образование во својот крај, што за постарите генерации ова беше неостварен сон. Оваа придобивка овозможи запирање на миграцијата на населението од Кратово кон поголемите центри во државата. Исто така, ова придобика овозможи проширување на културно-просветната дејност на ова подрачје.

Исто така, со гордост го истакнуваме и фактот дека патот да се истрае во се ова, не бил розов, истиот барал надминување и апсолвирање на бројни тешкотии од секаков вид, а пред се од материјален, кадровски и просторен карактер. За илустрација на ова ке го наведеме фактот дека во 1960 година во градот постоеше само едно основно училиште со ограничен простор и само два професора со завршено високо образование. Меѓутоа, големото разбирање на кое наидувавме со компетентните органи на власта во општината и во републиката, свесни за важноста од успешното реализирње на овој потфат придонесе во многу за разрешување и надминуаље на бројните тешкоти кои се јавуваат на овој план.

Постојаната заложба и преокупација на оваа просветна институција беше подигнување на нивото и квалитетот на наставниот процес. Во таа насока потребно е да се истакнат посетите кои ги направија професорите во две белградски гиманзии. Затоа денес, кога го прославуваме овој значаен јубилеј со гордост го истакнуваме фактот што од ова образовна и воспитна установа произлегле голем број на лекари, професори, судии, инженери, универзитетски професори кои и денес работат и обавуваат значајни државни и општествени функции во нашата Држава.

Сето тоа ни дава за право, денес кога го прославуваме овој значаен јубилеј, шест децениска дејност и развиток на СОУ „Митко Пенџуклиски”, јас како прв директор на оваа установа на која должност останав речиси во тек на целата 7 деценија од минатиот век, да ја изразам мојата длабока благодарност на сите оние кои дадоа значаен придонес за успешен растеж на оваа просветна установа, а пред сè на наставниот и техничкиот пероснал, на компетентните органи на општината и републиката, тогаш и денес и на сегашната управа која ми ја укажа оваа чест да ги напишам овие редови.

# ОРГАНИ ВО УЧИЛИШТЕТО



**Училишен одбор - највисок орган на управување на училиштето**

**Актуелни членови на Училишен одбор:**
Радица Страхилова – претседател
Драгана Андреева Јакимова – заменик претседател
Тодорче Кировски
Јаворка Цветановска
Оливер Арсовски
Ана Димитровска
Анкица Николова
Иван Трифуновски
Драган Георгиевски
Драги Иванов
Бети Сузана Постолова
Добре Иванов



**Совет на родители при СОУ „Митко Пенџуклиски“ - Кратово**

**Актуелни членови на Совет на родители:**
Драги Иванов - претседател
Горан Марковски
Драган Георгиевски
Тоше Мијалковски
Иван Трифуновски
Елизабета Михајловска
Љупчо Иванов
Никола Коњановски
Адријана Китановска





# Наставнички совет

Наставничкиот совет е највисокиот стручен орган во училиштето. Во моментот членови на Наставничкиот совет се: директорот, педагогот, 25 наставници и 1 стручен соработник - лаборант. Наставничкиот совет пред сè се грижи за успешна реализација на наставните планови и програми, подготвени од страна на Бирото за развој на образованието и Центарот за стручно образование и обука, со цел воспитно-обрзовниот процес во училиштето да биде подигнат на што е можно повисоко ниво. Наставничкиот Совет на своите редовни состаноци детално ги разгледува и анализира успехот, редовноста и поведението на учениците и дава конкретни предлог-мерки и заклучоци за континуирано подобрување на истите.

Наставничкиот Совет е составен од вкупно пет стручни активи и тоа:

- стручен актив по македонски јазик и литература и странски јазици;
- природно - математички стручен актив;
- стручен актив по општествено - хуманистички науки;
- стручен актив за развивање на вештини од областана спортот, ликовната и музичката уметност;
- стручен актив по стручни предмети.

Стручните активи редовно се состануваат со цел подетално да ги согледаат состојбите и резултатите постигнати од учениците на крајот на секој класификационен период во рамките на соодветните предмети застапени во активите. Дополнително, членовите на стручните активи активно се ангажираат во мотивирањето на учениците за нивно посоодветно вклучување во планирањето и реализацијата на вонаставните активности, како што се: учество на натпревари, учество во културно-уметнички манифестации, вклучување во проекти во соработка со Локалната и пошироката заедница и сл.

# Директор на СОУ „Митко Пенџуклиски“ - Кратово



Ѓеорги Цветков

**КРАТКА РАБОТНА БИОГРАФИЈА**

**Име и презиме:** *Ѓеорги Цветков*
**Дата и место на раѓање:** *23.09.1966 год. Струмица*
**Адреса на живеење:** *ул. „Гоце Делчев“ бр.80/16 – Кратово*
**Националност:** *Македонец*
**Образование:** *Високо* (VII /1 степен) Природно – математички факултет во Скопје, група математика, насока - наставна.
**Прво вработување:** *Професор по математика* во СОУ „Митко Пенџуклиски“ - Кратово во септември – 1991 година.

Со вработувањето, уште од самиот почеток поставува јасни цели за промени во наставата по математика, збогатена со нови техники и методи за совладување на наставната материја, а со тоа и отворање можности за постигнување на повисоки реултати.

Посветувајќи огромно внимание за вклучување на поголем број ученици во воннаставните активности, а со тоа и нивно учество на натпреварите по математика, желбата за остварување високи резултати прерасна во реалност.
Како круна на освоените неколку десетици награди и дипломи од државно ниво, доаѓаат и освоените 5 (пет) медали на наши ученици кои учествуваа на Македонската Математичка Олимпијада.

Како резултат на таквите постигнувања и успешното афирмирање на училиштето, од страна на Сојузот на Математичари на Македонија, во учебната 1995/96 година, токму на нашето училиште му е доделена честа да биде организатор на тридневниот Државен натпревар по математика за ученици од средните училишта. Поддржан од раководството на училиштето, заедно со претседателот на СММ - д-р Боро Пиперевски и тогашниот директор на училиштето Стојан Миланов, учествува како член во организациониот одбор за спроведување на натпреварот.

Задоволството од успешното организирање на натпреварот го споделија 150 ученици и нивни ментори, голем број универзитетски професори, а училиштето беше почестено и со присуството на првиот доктор на науки во Македонија, академик Благој Попов - долгогодишен Декан на Природно – математичкиот факултет во Скопје.

**Професионално искуство:**
– *Класен раководител* во сите 27 години додека работи како професор по математика;
– *Член на училишниот одбор* во два последователни мандати во период од 11 години;
– *Претседател* на активот по математика и информатика;
– *Ментор* на останатите членови на активот при нивно вработување за изведување настава по математика;
– *Член на редакциски одбор* на математичкото списание „Сигма“ во два последователни мандати;

– *Предводник* (ментор) на ученици - освојувачи на голем број награди на Регионални, Републички и Меѓународни натпревари, како и ментор на 4 ученици од Ромската етничка припадност кои со успех го продолжија школувањето на високо – образовните институции;
– *Учесник* во тимот за подготовување ученици од нашата држава, кои се пласираа на Балканијадата по математика одржана во Грција, каде се освоени повеќе медали;
– *Оценувач* во тимот на Државниот испитен центар, за проверка и оценување на *екстерниот испит* по математика од *Државната матура* (со решение за избор од страна на директорот на Биро за развој на образование на Македонија);
– *Организатор* на Републички и Регионални натпревари по математика одржани во училиштето, како и иницијатор и организатор на *Македонска олимпијада* по информатика за ученици од основно и средно училиште на која како домаќин е нашето училиште, а како резултат на овие активности се здобива со повеќе признанија од страна на Сојузот на математичари и информатичари на Република Македонија;
– *Координатор* на повеќе проекти кои се однесуваат на стручно усовршување во наставата по математика (E-school), проекти за проверка на знаењата на учениците (ПИСА), и учесник во сите семинари и обуки организирани и сертифицирани од БРО и МОН;
– *Претседател* на Здружението на математичари во општина Кратово;
– *Претседател* на ОО на СОНК во два последователни мандати во период од 2000 – 2011-та година, како резултат на доверието стекнато меѓу вработените во училиштето.


ЗДРУЖЕНИЕТО НА ИНФОРМАТИЧАРИТЕ НА МАКЕДОНИЈА

доделува

**БЛАГОДАРНИЦА**

на

**Ѓорѓи Цветков**

професор во

СОУ Гимназија "Митко Пенџуклиски" - Кратово

за несебична поддршка на организацијата на

**XVII Македонска Олимпијада и VII Државен натпревар по Информатика за основно образование**

Кратово, 12 – 14 април 2013

м-р Миле Јованов

Претседател на Здружение на информатичарите на Македонија


СОЈУЗ НА МАТЕМАТИЧАРИ НА МАКЕДОНИЈА
Бул. Александар Македонски, бб, п.ф. 10, 1130, Скопје, РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Тел. ++ 389 2 3116 053, ++ 389 76 220 414
e-mail: sojuz.na.matematicari@gmail.com
www.smm.org.mk, www.smm.com.mk

UNION OF MATHEMATICIANS OF MACEDONIA
BUL. Aleksandar Makedonski, bb, p.f. 10, 1130, Skopje, REPUBLIC OF MACEDONIA
Tel. ++ 389 2 3116 053, ++ 389 76 220 414
e-mail: sojuz.na.matematicari@gmail.com
www.smm.org.mk, www.smm.com.mk

**СЕРТИФИКАТ**

Сојузот на математичари на Македонија потврдува дека лицето

**Ѓорѓи Цветков**

од

**Гимн. Митко Пенџуклиски**

при општина

**Кратово**

е акредитиран професор од комисијата за акредитации на Република Македонија за изведување на натпревари во средното образование на територијата на Република Македонија.

Скопје
21.09.2017

Претседател на СММ
Алекса Малчески


*Сојузот на математичари на Македонија*

*доделува*

**БЛАГОДАРНИЦА**

**Ѓеорги Цветков**

професор по математика
при
СОУ „Митко Пенџуклиски"
од Кратово

за успешна организација
на меѓународниот математички натпревар
КЕНГУР
одржан на 19.III-2015 година

Претседател на СММ
Д-р Алекса Малчески

**Моментално вработен:** *Директор во СОУ „Митко Пенџуклиски" - Кратово*

Во месец мај - 2018 година, со решение на градоначалникот на општина Кратово - д-р Љупчо Бојаџиев е назначен за в.д директор, а во месец декември истата година е именуван за директор во училиштето.

Доделената чест да се биде раководител во училиштето, веднаш ја заменува со силното чувство и свеста за огромната одговорност која ја носи таа позиција, па оттука и желбата со успех да се одговори на таквиот предизвик од ден на ден станува сѐ поголема. Поаѓајќи од потребите на учениците и вработените, во договор со членовите на Комисијата за јавни набавки, Советот на родители и Училишниот одбор, првите чекори ги насочува кон подобрување на условите за работа и престој на учениците и вработените, при што во текот на првата година од неговиот мандат во училиштето се извршија крупни инфраструктурни зафати како што се:

– поставување нов покрив на лабораториското крило, при што старите азбестни плочи се отстранети и заменети со нова изолација и лимена конструкција. Извршена е и замена на вертикалните олуци вдолж лабораториското крило;
– целосно се реновирани и опремени две административни канцеларии за работа на училишниот педагог и секретар во училиштето, како и просторијата за престој на хигиеничарите;
– извршена е поправка на внатрешниот ѕид во ходникот од лабораториското крило, а извршено е и лакирање на мебелот и ходникот спрема наставничката канцеларија;
– дислокација на старата библиотека и ставање во употреба нова, осветлена и опремена библиотека со читална;
– обновување на училишниот двор со бекатон плочки, при што претходно се поставени одводни цевки за разнесување на атмосферската вода во градската мрежа;
– изградена е нова тераса со нова фасада во вкупна површина од 25 м2, поставена над новата библиотека;
– поставена е нова ограда околу училишниот двор со нов влез, а притоа е извршена и целосна реконструкција на стариот бетонски ѕид во должина од 185 метри;
- обновени фасади на неколку позиции: главен влез, мала сала, библиотека, кабинет по географија, како и поплочување на скалата за влез во лабараториско крило.
– за потребите во Ученичкиот дом, набавени се: 20 нови кревети со нови душеци, исто толку шкафови и работни маси како и 40 нови столчиња;
- збогатена е опремата и инвентарот за подобро функционирање при изведувањето на наставата од практичниот дел за учениците од угостителско - туристичката струка.

Воопшто не изостана и набавката на технички помагала, нагледни средства и канцелариска опрема, односно извршена е набавка на:
- Инвертер клима уреди, грејни тела (панели), машина за чистење и сушење на подни површини, нови правосмукалки;
- Печатачи со скенери, современ фотокопир, лап топ компјутер, стабилизатори за компјутери;
- LCD проектори и SMART – интерактивни табли, а за љубителите на убавиот збор се врши постојано збогатување на библиотечниот фонд.

Средствата за изградба и набавки во најголем дел од наведените проекти се обезбедени од страна на Министерството за образование и наука добиени преку блок дотации од општина Кратово.

Таквите инвестиции и набавки со право го вбројуваат нашето училиште како едно од посовремените училишта во државата.

# Обраќање на директорот

Почитувани,

Денес нашето училиште кое со гордост го носи името на нашиот патрон и револуционер Митко Пенџуклиски ја прославува шеесетгодишнината од своето постоење. Чувствувајќи ја честа и задоволството од Вашето присуство, би сакал во името на сите вработени во училиштето најискрено да Ве поздравам и да Ви посакам топло добредојде на овој значаен настан.

Се надевам дека програмата што ќе Ви ја понудат учениците подготвени од своите ментори ќе придонесе за убаво и пријатно чувство кај секого од присутните. Верувам дека кај дел од Вас ќе се пробудат и убавите спомени од времето кога сте биле дел од вработените во училиштето.

На крај посакувам сите присутни да понесете убави впечатоци и сеќавања од престојот во училиштето по повод денешниот настан.

**17.2.2020, Кратово**

# ДИРЕКТОРИ НА СОУ „МИТКО ПЕНЦУКЛИСКИ“ - КРАТОВО


*Љубиша Монев*


*Бранко Симонов*


*Лазар Софијанов*


*Томислав Коцев*


*Драган Пановски*


*Стојан Миланов*


*Јанко Арсовски*


*Нада Коњановска*


*Миле Марковски*


*Тони Јанев*


*Царка Петковска*


*Ѓеорги Цветков*

# Стручна и техничка служба на СОУ „Митко Пенџуклиски“ - Кратово



Катерина Ковачевска
- педагог -

Воспитно - образовниот процес е клетка на секое училиште. За организација и реализација на наставата во нашето училиште професионално и одговорно се грижи училишниот педагог. Педагогот ја следи и организира наставата користејќи најразлични методи и форми преку кои грижливо помага на наставниците и учениците да бидат успешни во процесот на учење и подучување. Како стручен соработбик зема активно учество во сите наставни и вонаставни активности, но исто така остварува средби и соработка со родителите.



Даниела Трајковска
- администратор - благајник -

Благајникот во училиштето ги врши сите административно-финансиски работни задачи и се залага за максимално функционирање на институцијата. Работи заедно со тимот на стручната служба и директорот при што дава свој комплетен придонес во развојот на институцијата.



Никола Димитровски
- секретар -

Секретарот е одговорен за нормативно правниот аспект во работењето на училиштето и раководењето со јавните набавки. Секретарот заедно со директорот учествува во креирањето на политиките за развој на училиштето и спроведување на предвидените активности во насока на подобрување на условите за престој на учениците и вработените во училиштето.



Љупчо Смиљковски
- IT администратор -

IT администраторот работи во училиштето во делот на одржувањето на информатичко-комуникациската технологија и се грижи за нивно нормално и непречено функционирање. Ја одржува целосната компјутерска технологија за учениците и вработените. Постојано пружа помош околу технологијата.

За одржување на хигиената во училиштето задолжен е хигиенско-техничкиот персонал. Во овој тим влегуваат: Панче Игнатов (домар – хаус мајстор), Зоран Гиразовски, Трајче Петровски, Илија Андонов, Славче Павловски, Миле Мијалков и Драгомир Додев. Во ученичкиот дом за исхраната на учениците се грижи готвачот Иван Манев, а за хигиената и одржувањето Русе Трифунов.



# Стручни активи и актуелни наставници во СОУ „Митко Пенџуклиски“ - Кратово

## Стручен актив по македонски јазик и литература и странски јазици


*Ана Димитровска - претседател -*


*Вида Јовановска*


*Радмила Георгиевска*


*Дивна Младеновкса*


*Јелена Давитковска*


*Горан Аксентиев*

## Стручен актив по општествено-хуманистички науки


*Оливер Арсовски - претседател -*


*Биљана Крстевска*


*Александар Христов*


*Драгана Андреева Јакимова*


*Калинка Стефановска*

## Стручен актив за развој на вештини од областа на спортот, ликовната и музичката уметност


*Анкица Николова - претседател -*


*Марјанчо Јаневски*


*Бојан Костадинов*


*Анита Марковска Јанева*

## Природно - математички актив


Горан Иванов
- претседател -


Родна Китановска


Тони Јанев


Македонка Цветковска


Сашка Јаневска


Снешка Јовановска

## Стручен актив по стручни предмети


Младен Мицевски
- претседател -


Весна Миневска


Сашо Миревски


Царка Петковска

## Стручен соработник - лаборант

Стручниот соработник во настава – лаборант е вработена во реализација на наставата, во практичниот дел по предметите од областа на хемија, физика и стручни предмети каде што плановите и програмите го предвидуваат тоа. Има поминато обука за јавни набавки и се има стеканато со потврда за јавни набавки. Во последните 3 години ангажирана како лице за јавни набавки. Активно учествува во проектот МИМО при што се стекнала со 3 сертификати.


Зора Стојмановска

# Стручен актив по македонски јазик и литература и странски јазици


















Активот по македонски јазик и литература и странски јазици го афирмира нашето училиште во државата и надвор од нејзините граници. Дел од активностите на овој Актив е и работата на неколку проектни групи и секции. Со својата успешност се истакнуваат: рецитаторската секција, литературната и драмската секција. Во текот на целата година учениците и наставниците посветено работат и забележан е нивен настап на: прославата на Патрониот празник и манифестации во нашиот град и пошироко. Програмата за работа на Активот вклучува и редовни посети на театарски претстави, како и посета на Саемот на книгата во Скопје. Менторите со своите ученици учествуваат и освојуваат награди на регионално, државно и меѓународно ниво, а учествуваат и на училишни, општински и државни конкурси.

Ментори на активностите од овој актив во последните 10 години беа: Ана Димитровска, Вида Јовановска, Радмила Ѓеоргиевска, Горан Аксентиев, Дивна Младеновска, Јелена Давитковска, Сашка Јовановска, Зорица Давтиковска, Силвана Величковска, Александар Митовски, Дара Коцевска Ефремова, Ружа Манева, Дарка Пановска и Сандра Миневска.


















**Драмската секција** напорно работи на развивање на креативноста и творечката активност на младите кои учествуваат во неа под менторство на наставник Ана Димитровска. Членовите во драмската секција се млади аматери, полни со ентузијазам и љубов кон театарот. Претставите се подготвуваат со голема посветеност на учениците. Забавните проби, заедничките состаноци, настапи и меѓусебните дружења придонесуваат за развојот на драмата во училиштето. Учениците членови во драмската секција со своите афинитети и талент промовираат креативност, способност и културни вредности преку учество на Патрониот празник на нашето училиште и голем број манифестации во нашиот град (хуманитарни и новогодишни претстави), но и пошироко.



**Литературната и рецитатотрската секција** предвидени од наставник Вида Јовановска земаат активно учество во прилог на одбележувањето на патрон-празникот на нашето училиште. Традиционално, културно-уметничката програма започнува со Беседа за Митко (поезија).

Пред бистата на заштитникот на нашето училиште се чита реферат за личноста и делото чие име го носи училиштето. Членовите од литературната и рецитаторската секција успешно се претставуваат и надвор од училиштето во рамките на општината, а секако низ годините наназад развивале соработка со други училишта од државата.







# Стручен актив по општествени науки



Сè тече, сè се менува.

PANTA REI

Граѓанското општество се гради со демократски училишта во кои центар на внимание се учениците. Учениците преку воспитно-образованиот процес се градат како активни, мудри граѓани кои ќе го градат сопствениот и групниот идентитет, се оспособуваат да почитуваат сè што е различно од нив по пол, возраст, национална и верска основа. Во училиштето, стручниот актив по општествени науки ги подучува учениците со најразлични активности да се соочат со сите предизвици во општественото живеење и дејствување. За таа намера се организираат дебати, посети на културно-историски настани, новинарски клуб. Се реализираат и проектни активности (урбана култура, мир и толеранција, иновации и претприемништво) и проекти проследени во училиштето, како активности во кои ќе согледат дека и нивните наставници се ангажираат и учествуваат во тие настани (под менторство во последните 10 години на наставниците Калинка Стефановска, Оливер Арсовски, Александар Христов, Драгана Андреева Јакимова и Славица Бошкова). Овој актив постојано зема и учества на натпревари и се пласира на државни, меѓу кои би ги потенцирале високите пласмани во последните 10 години по предметот Географија под менторство на наставник Биљана Крстевска.













Водата треба да тече. Ако стои се претвора во бара.







*Урбана култура - кањон Матка*

Високата школа за новинарство и за односи со јавноста, во партнерство со Институтот за различности од Лондон и дневниот весник „Нова Македонија“ ги додели наградите за најдобрите средношколски медиумски производи добиени на конкурсот „Изрази се преку медиумите“ на темата „Би сакал/а во мојата општина да...“. Првата награда ја освоија група ученици од трета година од СОУ „Митко Пенџуклиски“ - Кратово за фотосторија на тема „Сакаме Кратово да биде град на млади луѓе“. Учениците Мери Паунова, Теодора Манева, Викторија Трифуновска, Даниел Смиљков, Влатко Марковски и Нела Георгиевска, под менторство на професорот Оливер Арсовски, преку низа фотографии на кои се прикажани баби како копнеат по своите чеда и внуци во туѓина, ја доловија на автентичен начин демографската катастрофа со која се соочуваат повеќе градови на Истокот, меѓу кои и Кратово.



# Стручен актив за развој на вештини од областа на спортот, ликовната и музичката уметност










Активот во кој се вклучени професорите по спорт и спортски активности, музичка и ликовна уметност има за цел да го открива, мотивира, развива и негува талентот кај учениците, но и пробуди натпреварувачкиот дух. Проектни активности во кои се вклучуваат учениците се: хорот, оркестарот (ментор - Анкица Николова), аеробик - модерни танци, ора и танци (ментор - Анита М. Јанева), пинг-понг, планинарење, скијање (ментори - Марјанчо Јаневски и Анита М. Јанева) и пружање на помош на надежните млади ликовни уметници за сликање, дизајн, и керамика (ментор Бојан Костадинов). Од делот на спортот последните 10 години функционираат и неколку секции: футсал, ракомет (женски и машки), мал фудбал, голем фудбал и тенис. Активот е неизоставен дел од сите училишни настани и настани организирани во градот, па и на ниво на држава. Секоја година земаат активно учество и на регионални, меѓурегионални (бараж) и државните натпревари.

